ОУ Дом на културата „Злетовски Рудар“ Пробиштип
/dk_probistip@yahoo.com /+38975 322 614

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинска установа-Дом на културата
„ Злетовски Рудар "
Бр. 01 – 34/1
21 02 2023 год.
ПРОБИШТИП

# И з в е ш т а ј

За работа на ОУ Дом на културата „Злетовски Рудар”- Пробиштип

за 2022 година

Во изминатата 2022 година континуирано се одвиваше реализирањето на активности, настани, манифестации и фестивали предвидени во Програмата за работа на Домот на културата „Злетовски Рудар”- Пробиштип. Реализирани беа и проектите кои беа одобрени на годишните конкурси од Министерство за култура. Во 2022 година Дом на културата активно се вклучи како ко-организатор на организирање на настани заедно со општина Пробиштип.

## ❖ Библиотечно-издавачка дејност

Во областа на библиотечно-издавачката дејност се реализирани следните активности:

- Збогатување на книжниот фонд предвиден за 2022 година со нови наслови од стручна литература како и лектирни изданија и белетристика;
- Обработка на книжниот фонд од страна на стручните лица и внесување во мрежата cobiss;
- Првчињата од основните училишта од учебната година 2021/22 за време на „Детската недела" ја посетија градската библиотека и бесплатно беа зачленети во библиотеката;
- Активно работи литературниот клуб „Процвет";
- Гостување и учество на литературниот клуб „Процвет" на детскиот фестивал „Пролет, Љубов ,Смеа" во Свети Николе на 21.04.2022 година на кој наша претставничка доби награда за освоено 2 место;
- Гостување и учество на ЛК „Процвет" на манифестацијата ДПФ „Мајски Цвет" во Кочани на 31.05.2022;
- Промоција на романот за деца „Мечето Мери Ум" на реномираниот автор Трајче Кацаров од Штип. Промоцијата се одржа на 05.04.2022 година во конференциската сала, а присутни беа ученици од основните училишта во нашиот град;
- Промоција на две книги „Одмазда" и „Детето во снегот" на авторката Емилија Златкова Анастасова на 11.11.2022 година. Промоцијата се одржа во конференциската сала, а за време на промоцијата говореше и специјалниот едукатор и рехибилитатор Катерина Стојановска, која зборуваше за аутизмот. Задолжени за музичкиот дел на промоцијата беа учениците од нижото музичко училиште од класата на професор Далибор Зафировски.

- Оваа година организиравме и Саем на книгата кој се одржа на 05.09.2022 година во Холот при Дом на културата. На саемот учество зедоа 6 книгоиздавачки куќи од нашата држава .
- На 04.10.2022 година издавачката куќа „Сакам Книга“ присуствуваа со свој штанд на плато пред Дом на културата.

## ❖ Ликовна - галериска дејност

Во рамките на оваа дејност се реализираа следните активности:

- Оваа година Домот на културата успешно го реализираше 30 –то издание на „Лесновска ликовна колонија 2022 година”. Колонијата се одржа од 28.06.2022 до 03.07.2022 година. Учество зедоа 14 уметници кои изработија 28 уметнички дела кои станаа дел од галериската збирка на Дом на културата. Уметничките дела изработени на ова издание за прв пат беа изложени во Дом на културата во Пробиштип на 07.09.2022 година, а потоа беа изложувани во Центрите за култура во Кочани, Крива Паланка и Штип, а ќе продолжат да се изложуваат и во останатите центри оваа година.
- Уметничките дела создадени на 29то издание на Лесновската ликовна колонија беа изложувани во Куманово, Виница, Македонска Каменица, Свети Николе и Демир Капија.
- Уметничките дела создадени на Лесновската ликовна колонија во 1999 на тема икони беа изложени во Музеј на град Кратово.
- Изложба текстил арт на минијатури изработени од Бранка Спасовска насловена „Биди жена“ по повод Меѓународниот ден на жената;
- Изложба на уметничките дела на уметницата Александра Димитрова од Кочани со што беше прославен денот на културата.
- Оваа година беше отворена и ликовната изложба на авторот Димитар Димитров од Битола по повод Денот на нашиот град 28- ми Август;
- Изложба на цртежи – Арапска техника со креативна работилница на Верче Андонова, која пораснала во дом без родители во Скопје и додека престојувала таму ја научила оваа техника;

- Изложба на уметничките дела од 19-та Меѓународна Ликовна колонија „Карпино 2021“ од Куманово;
- Изложба на уметнички дела создадени на колонијата „Караманов“ од Радовиш;
- Изложба на уметнички дела од Ликовна колонија „Ѓуриште“ од Свети Николе;

При Домот на културата „Злетовски Рудар” работеше и ликовното студио „Големото уметничко М” под менторство на професорот Ѓоко Антониев.

## ❖ Музичко - сценско уметничка дејност

- Божиќен концерт кој се одржа на 05.01.2022 година во холот при Дом на културата. На концертот се претставија учениците од нижото музичко училиште во класата на професор Далибор Зафировски;
- Со целовечерен концерт на Националниот ансамбл за македонски народни игри и песни „ТАНЕЦ“ на 30.03.2022 година свечено беше пуштена во употреба целосно реконструираната, но автентична киносала „Рудар“. Екот на тапанот и маестралната изведба на „Тешкото“ ја прекинаа еднодецениската тишина и Пробиштип повторно доби киносала во која ќе се одржуваат културни настани од повеќе типови со оглед на мултифункционалноста на истата.
- Реализација на SS Project на 19.10.2022. Во овој проект учествуваат седум истакнати џез музичари кои успешно концертираат и ја негуваат џез културата во нашата република и пошироко. Сашо Стојановски е автор на овој проект од кој произлегува неговиот прв авторски албум под наслов Different. Главното мото на овој проект е низ призма на џез музиката да се прифатат различностите помеѓу луѓето и нивна поддршка. Членови се Сашо Стојановски-тапани, Зоран Костадиновски-гитара, Горан Гешовски-бас гитара, Филип Димишковски-клавијатури, Кирил Кузманов- саксафон, Трајче Велков-труба и Ратко Даутовски-перкусии.
- Концерт на Благоја Василевски –хорна и Иван Трајковски – пијано придружба на 22.10.2022 во киносала „Рудар“.

- **КУД „Злетовски Рудар“**

Во текот на 2022 година продолжи да работи и да извршува проби КУД “Злетовски Рудар “ под менторство на Ванде Маневски. Оваа група го негува изворниот фолклор и зедоа учество на „Велигденски Фолклорни средби“ во Штип и на „Бабина Баница“ во Македонска Каменица, а исто така настапуваа и на неколку манифестации во нашиот град.

- **Балетското студио**

Изминатата 2022 год беше значително успешна за Балетското студио „Магија“ кое работи при Дом на културата „Злетовски Рудар“ Пробиштип. Освен тековните часови кои што редовно се одржуваа со сите деца, Магија организираше и два концерти. Едниот концерт беше одржан на 29ти април по повод Светскиот ден на танцот и воедно го прославија нивниот петти роденден. Пробиштипската публика имаше прилика да ги види и да ужива во 18 наградени кореографии на децата од Магија. Другиот концерт беше новогодишна приказна насловена како "Сонот на една балерина" и се одржа на 28ти декември.

Во месец мај Магија учествуваше на натпреварот Artist Hub Dance Competition во Струмица каде што ги постигнаа до сега најдобрите резултати. Покрај сите први и втори места кои ги освоија, јуниорската екипа се пласираше во најдобрите 14 кореографии од вкупно 120 кореографии на натпреварот. Во Гала вечерта јуниорите на Магија го освоија победничкиот трофеј како најдобра формација на целиот натпревар. На 11 јуни учествуваа на International Dance Competition кој втора година се одржува во Штип. И на овој натпревар се пласираа во ТОП 13 изведувачи на целиот натпревар, а победата на Магија ја донесе Лука Горгиевски како победник на Гала вечерта. Во јули се натпреваруваа на интернационалниот натпревар Dance OFF каде што имаа конкуренција од 7 држави и освоија 4 трофеи. Еден од најзначајните натпревари за 22ра година беше Европското првенство на кое што Магија имаше двајца претставници, Јована Јовановска и Лука Горгиевски кои се натпреваруваа со деца од 22 држави од Европа. Лука Горгиевски со џез солото заврши во финале на 5то место, додека со изведбата на солото во современ балет ја освои бронзата. Дуото на Јована и Лука влезе во ТОП 16 кореографии, односно полуфинале, од пријавени 43 кореографии. На уште два натпревари учествуваше Магија во текот на месец ноември.

Интернационалниот натпревар Stage кој се одржа во Националната Опера и балет и групата деца освоија второ место и интернационалниот натпревар Dance OFF кој се одржа во Ниш, Србија и јуниорите освоија 4 први места. Последен натпревар на кој што учествуваа танчерите од Магија беше натпреварот Christmas dance competition 2022 кој се одржа во Велес. И од овој натпревар се вратија со многу дипломи медали и трофеи. Да го спомнеме и учеството на семинарот за современ танц со предавач и кореограф од Грција, Антоине Питолиду, на кој учествуваа дел од јуниорите,а се одржа во мај во Струмица.

Оваа година Балетското студио Магија ја заврши со вкупно освоени 104 трофеи на сите натпревари на кои има учествувано од 2017та до 2022ра година.

## ❖ Музејска дејност

По повод Светскиот ден на музеите кој се празнува на 18 мај нашите сограѓани како и учениците од училиштата во нашиот град бесплатно го посетија единствениот Музеј за ретки минерали во нашата држава. По повод детската недела, организирано, Музејот го посетија деца од градинка. Тековно, музејот беше отворен за сите заинтересирани посетители, како за нашите сограѓани, така и за туристи.

## ❖ Драмска дејност

- 12.04.2022 Хит комедија „Чекајќи го министерот“ во која главна улога има популарната актерка Лидија Вукичевиќ;
- 20.04.2022 Театарска претстава „Разведи ме“ на Театар Провокација;
- 06.05.2022 Стенд-ап комедија на Бојан Велевски во соработка со Клубот на млади при Општинската организација на Црвен Крст Пробиштип. Настанот беше од хуманитарен карактер;
- 12.05.2022 Театарска претстава „Животот е прекрасен“ на Народен театар Штип;

- 01.06.2022 Претстава за деца „Златната Рипка“ на Театар Колозов. Со оваа претстава го одбележавме Меѓународниот ден на детето;
- 29.09.2022 Претставата „Умри Машки“ на аматерскиот драмски театар „Мирка Гинова“ од Демир Капија;
- 07.12.2022 Детска Новогодишна претстава „Новогодишна авантура“ во продукција на театар „Златен Елец“;
- 07.12.2022 „Која сум јас“ ONE WO/MAN COMEDY SHOW со Надица Петрова;
- 10.12.2022 Самоубиство во Самоодбрана, претстава на театар „Отпишани“ ;
- „Школо за театар и фотографија“ е проект чиј творец е Бојан Кирковски, дипломиран актер. Проектот е од едукативен карактер и има за цел да ги запознае младите со театарот и фотографијата како уметности. Главната цел на школата не е да создаде професионални актери или фотографи туку да создаде луѓе што ќе размислуваат креативно и ќе може да дадат свој критички став и креативен придонес. На работилницата која се одржа од 25.10.2022 до 28.10.2022 година присуствуваа млади на возраст од 15 до 18 години. Учесниците на работилницата беа избрани во координација со СОУ „Наум наумовски Борче“ Пробиштип.

❖ **Киноприкажувачка дејност**

- 17 и 22.11.2022 Кино проекција на „Кајмак“, македонски филм снимен во 2021 година во режија и сценарио на Милчо Манчевски;
- 20 и 21.12.2022 Кино проекција на „Рока го менува светот“, германски филм во режија на Катја Бенрат;
- 20.12 и 21.12.2022 Кино проекција на „Биби и Боби во Снешковград“, во режија на Никола Чикос;
- 23.12.2022 Кино проекција на „Небеса“, српски филм во режија на Срѓан Драгојевиќ.

### ❖ Администрација и техничко одржување

Во текот на 2022 година покрај набавката на канцелариската опрема и средства за хигиена се набавуваа и сите останати артикли неопходни за непречено функционирање на институцијата.

Во 2022 година исто така беше изработена и ставена во функција веб страна на Дом на културата. Веб страната дополнително ќе се надградува.

Во 2022 исто така беа поставени табли за ознака на зградата на Дом на културата, на киносалата „Рудар“ и на Музејот за ретки минерали.

Преку проект кој беше финансиран од Министерство за култура комплетно се уреди просторијата во која порано беше сместена Минеролошката збирка при што беше целосно уреден внатрешниот ентериер. Со уредување на оваа просторија, Домот на културата има нова повеќенаменска просторија каде ќе се одржуваат културни настани.

Оваа година се изврши комплетна санација на тоалетите која опфати поставување на нови плочки, санитарија и бојадисување на просториите.

ОУ Дом на културата „Злетовски Рудар”- Пробиштип

Д и р е к т о р

____________________

Сандра Мијалковска